РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-7484/5
26-05-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 68 - та седница одржана на 20.05.2022 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 09-7484/1 од 31.12.2021 година, оформен по сопствена иницијатива против лицето ---------, в.д. директор на ЈП Погребални услуги --------, СЕ ЗАПИРА.

По доставено известување со Записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог до лицето ---------- и нејзино постапување, ДКСК утврди нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-7484/1 од 31.12.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси.

ДКСК направи увид во поднесениот Образец изјава за интереси од страна на лицето --------- со бр. 09-4784/1 од 15.11.2021 година и утврди дека истата, покрај тоа што ја извршува функцијата в.д. директор на ЈП Погребални услуги ----------, во исто време и како сопственик управува со трговското друштво ----------, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

ДКСК констатираше дека од страна на лицето --------- е сторен прекршок и за истото согласно Законот за прекршоци состави Записник за констатиран прекршок и издаде Прекршочен платен налог, кои беа доставени во прилог.

ДКСК му укажа на истото лице дека е потребно во рок од 15 дена од денот на приемот на доставеното известување да ја отстрани констатираната состојба, со тоа што управувањето на трговското друштво --------- ќе го довери на друго лице или тело, освен на членови на нејзиното семејство.

Согласно член 8 став 3 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси под поимот „семејство" се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои избраното/именуваното лице живее во заедничко домаќинство.

Во законски предвидениот рок, лицето -------- постапи по барањето на ДКСК и изврши промена на управителството на трговското друштво ---------. Исто така, лицето -------- достави до ДКСК уплатница за платена глоба по прекршочен платен налог.

После проверка во Тековната состојба на ЈП Погребални услуги -------- во Централниот регистар на РСМ, ДКСК утврди дека е извршена промена на овластеното лице на ова претпријатие, по што сега функцијата В.Д. директор ја извршува лицето ----------.

Согласно наведеното, ДКСК на 68 – та седница констатира дека после постапување на лицето ---------- но и промена од функцијата вд директор на ЈП Погребални услуги ---------, ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување, по што постапувањето по предметот се запира и истиот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: К.З, раководител
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК